Република Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 01-125/1
09.02.2017 год
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), Градоначалникот на општина Пробиштип, на ден 06.02.2017 година, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за за систематизација на работните места во општина Пробиштип

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр.08-1157/1 од 19.10.2015 година

Член 2

Се вршат следните дополнувања:

1. Се додава ново поглавје IV кое гласи „РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА„

2. Се додава нов член 16-а кој гласи:

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 17 работни места на професионални пожрникари вработени во територијалните противпожарни единици кои имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста, распоредени во организациона единица согласно Правилникот за внатрешна организација на општина Пробиштип а пополнети се 10 работни места.

3. Се додава нов член 16-б кој гласи:

Работните места од членот 16-а на овој правилник се распроедени на следниот начин:

- Ниво А4 - 1
- Ниво А5 -1
- Ниво Б4-8
- Ниво В4-7

| Р.бр. | Ниво | Систематизирани работни места Број на извршители | Актуелно пополнети работни места |
|---|---|---|---|
| 1 | Ниво А4 | 1 | 1 |
| 2 | Ниво А5 | 1 | 1 |
| 3 | Ниво Б4 | 8 | 4 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Ниво В4 | 7 | 4 |
| | ВКУПНО | 17 | 10 |

4. Се додава нов член 16-в кој гласи:

Општи услови утврдени со Закон за пожарникарство или колективен договор за вработени во територијалните противпожарни единици кои имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста се:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да е полнолетен;
- да бидат здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно Закон, а доколку се вработуваат во противпожарни единици со помалку од 30 вработени да имаат и положено возачки испит од Ц-категорија;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност"

5. Се додава нов член 16-г кој гласи:

Посебни услови утврдени со Закон за пожарникарство или колективен договор за вработени во територијалните противпожарни единици кои имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста се:

*За ниво А4-командир на ТППЕ и А5-Заменик командир на територијална противпожарна единица

-стручни квалификации-квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

-работно искуство-најмалку 5 години работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Р.Македонија како работен стаж и

-посебни работни компетенции-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението на ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR) , односно ИЕЛТС со 3,5-4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТЕОФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТЕОФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТЕОФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

*За нивото Б4-командир на одделение:

-стручни квалификации-ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;

-работно искуство- од најмалку 3 години работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Р.Македонија како работен стаж;

*За нивото В4-пожарникар спасител:

-стручни квалификации-ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование;
-работно искуство-со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенција за вработување на Р.Македонија како работен стаж“;

Член 3

Поглавјето IV Табеларен приказ на работните места во општина Пробиштип станува поглавје V, а поглавјето V Преодни и зваршни одредби станува поглавје VI.

Член 4

Во Табеларниот приказ организационата единица под бр.12-Територијална противпожарна единица редните броеви 63, 64, 65 и 66 се менуваат и гласат:

| 12. Територијална противпожарна единица | |
|---|---|
| Реден број | 63 |
| Шифра | ПОЖ 02 10 А04 000 |
| Ниво | А04 |
| Звање | Командир на ТППЕ |
| Назив на работно место | Командир на Територијална противпожарна единица |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Градоначалникот |
| Вид на образование | Високо образование- заштита од пожари, безбедност при работа или електро технички |
| Други посебни услови | III степен курс за професионални пожарникари и возачка дозвола Б иЦ категорија |
| Работни цели | Раководење и управување со територијалната противпожарна единица со цел за поголема безбедност на граѓаните и имотот |
| Работни задачи и обврски | - Раководи со ТППЕ, ја организира, координира и следи работата на териториајлната противпожарна единица, извршување на работите и задачите од областа на ТППЕ во согласност со законските, подзаконските прописи и другите општи акти;<br>-Изготвува годишни, тримесечни и месечни програми и планови за работа на ТППЕ и изготвува извештаи за истите;<br>-Раководи со гаснење на пожетрите и другите интервенции во кои е вклучена единицата;<br>-Изведува настава и обука на вработените; |

| | |
|---|---|
| | -Се грижи за постоење на мобилност на единицата;<br>-Вон работното време е должен да се јави на работното место при мобилизација на единицата во најкус временски рок;<br>-Врши други работи кои му се доверени; |
| 12.1 Територијална противпожарна единица | |
| Реден број | 64 |
| Шифра | ПОЖ 02 10 А05 000 |
| Ниво | А05 |
| Звање | Заменик командир на ТППЕ |
| Назив на работно место | Заменик командир на ТППЕ |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Командир на територијална противпожарна единица /Градоначалникот на општината |
| Вид на образование | Високо образование-заштита од пожари, безбедност при работа или електро технички |
| Други посебни услови | III степен курс за професионални пожарникари и возачка дозвола Б иЦ категорија |
| Работни цели | Раководење со територијалната противпожарна единица со цел за поголема безбедност на граѓаните и имотот |
| Работни задачи и обврски | -Помага во Командирот на ТППЕ во раководењето, организирањето, координирањето на ТППЕ, во согласност со законските, подзаконските прописи и другите општи акти;<br>-Го заменува командирот на ТППЕ во негово отсуство;<br>-Помага во изготвување на годишни, тримесечни и месечни програми и плаови за работа на ТППЕ и изготвува извештаи за истите;<br>-Раководи со гаснење на пожарите и другите интервенции во кои е вклучена единицата;<br>-Изведува настава и обука на вработените;<br>-Се грижи за постоење на мобилност на единицата;<br>-Вон работното време е должен да се јави на работното место при мобилизација на единицата во најкус временски рок;<br>-Врши други работи кои му се доверени; |
| 12.2 Територијална противпожарна единица | |
| Реден број | 65 |

| | |
|---|---|
| Шифра | ПОЖ 02 10 Б04 000 |
| Ниво | Б04 |
| Звање | Командир на одделение |
| Назив на работно место | Командир на Одделение |
| Број на извршители | 7 |
| Одговара пред | Командир на ТППЕ |
| Вид на образование | Вишо или средно образование-гимназиско или техничко. |
| Други посебни услови | III степен курс за професионални пожарникари и возачка дозвола Б и Ц –категорија. |
| Работни цели | Одржување во мобилна состојба на единицата за противпожарна заштита, раководење во отсуство на командирот, одржување во исправна состојба на протовпожарната опрема со цел за благовремена интервенција |
| Работни задачи и обврски | -Раководи со единицата во отсуство на командирот;<br>-Раководи со гаснење на пожарот и други интервенции во кои е вклучена единицата;<br>-Спроведува настава и обука со групата според програмата од Командирот на ТППЕ за кои поднесува извештај;<br>-Одговара за бројната состојба и исправноста на ПП опрема и средствата за гаснење на пожар во групата што ја води за што води евиденција;<br>-Вон работното време е должен да се јави на работното место при мобилизација на единицата во најкус можен рок. |

| 12.3 Територијална противпожарна единица | |
|---|---|
| Реден број | 66 |
| Шифра | ПОЖ 02 10 В04 000 |
| Ниво | В04 |
| Звање | Пожарникар спасител |
| Назив на работно место | Пожарникар спасител |
| Број на извршители | 8 |
| Одговара пред | Командир на ТППЕ |
| Вид на образование | Вишо или средно образование-гимназиско или техничко. |
| Други посебни услови | -III степен курс за професионални пожарникари.<br>-возачка дозвола-Б и Ц категорија. |
| Работни цели | Одржување во мобилна состојба на возниот парк |

| | |
|---|---|
| | на територијалната противпожарна единица, по потреба и вклучување во гаснење пожари |
| Работни задачи и обврски | -Управува со возилата во ТППЕ;<br>-Се грижи за исправноста на возилата во ТППЕ;<br>-Врши дневни, неделни и месечни прегледи на возилата за што води евиденција;<br>-Извршува иситни поправки на возилата;<br>-Активно учествува во гаснење на пожари и други интервенции во кои е вклучена единицата;<br>- Вон работното време е должен да се јави на работното место при мобилизација на единицата во најкус можен рок;<br>-Врши други работи доверени од командирот на ТППЕ |

Член 5

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места во Општина Пробиштип кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Пробиштип.

Член 6

Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на Општина Пробиштип влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

Општина Пробиштип
Градоначалник
Тони Тоневски

Секретар 16.02.2017

РЕПУБЛИКА [redacted]
ОПШТИНА [redacted]
ПРОБ[redacted]

| ПРИМЕНО: | 16.02.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност |
| 08 | 125/3 | | |

Република Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**


Министерство за информатичко општество и администрација

Архивски бр. 12/6-541/2

Дата: 15.02.2016 година

бул."Кирил и Методиј" бр.54

1000 Скопје, Република Македонија

Тел. (02) 3200 870 Факс. (02) 3221 883

Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk

Сајт: www.mio.gov.mk


Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14 и 27/16) Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ

на

1. Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип (со Табеларен преглед) со архивски број 08-125/1 од 09.02.2017 година .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Пробиштип поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за локалната самоуправа, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Пробиштип (со Табеларен преглед) со архивски број 08-125/1 од 09.02.2017 година.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

м-р Јахи Јахија

подготвил/координатор: Г.Н.Томоска

одобрил: Љ.Младенов